Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, врз основа на член 24 став (1) алинеја 2) точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18), на седницата одржана на 03 октомври 2018 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на**
**Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа**

1. Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, СЕ ОДОБРУВААТ.

2. Одобрените Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа се во прилог на ова Решение.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Операторот на електродистрибутивниот систем, ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, согласно член 93 став 8 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18) до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со допис бр. 20 – 3385/1 од 23 август 2018 година, достави предлог текст на Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа, заради одобрување.

По предлог текстот на Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа се одржа подготвителна седница на 28.09.2017 година во просториите на Регулаторната комисија за енергетика. Имајќи во предвид дека на подготвителната седница имаше забелешки во однос на начинот на продажба на вишоците на електрична енергија набавени за покривање на загубите на електрична енергија во дистрибутивната мрежа, се заклучи дека е потребно ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да достави нов предлог текст на Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа со кој ќе се прецизира начинот на продажба на вишоците на електрична енергија набавени за покривање на загубите на електрична енергија. ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со допис бр.12-1915/1 од 02.10.2018 година достави нов предлог текст на Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа со кој се прецизира начинот на продажба на вишоците на електрична енергија набавени за покривање на загубите на електрична енергија во дистрибутивната мрежа. На ден 03 октомври 2018 година се одржа и редовна седница на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, на која се одобри доставениот предлог на Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа доставени на ден 02.10.2018 година

со допис бр. 20-3853/1 од 02.10.2018 година, заведен во архивата на РКЕ со број 12-1915/1 од 02.10.2018 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 02-1927/1**
**03.10.2018 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Куштрим Рамадани**